**Официјални правила на наградната игра**

**„Крцкаво новогодишно засладување и наградување"**

**Член 1**

**Организатор на наградната игра**

Агенција за консалтинг, комуникации и маркетинг услуги Пазел Конекшн ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: „Организатор"), со седиште на ул. Арх. Сотир Томовски бр. 7а, Скопје, Република Северна Македонија.

**Член 2**

**Име и времетраење на наградната игра**

Името на наградната игра е **„Крцкаво новогодишно засладување и наградување".**
Наградната игра ќе трае во период од 18.12.2024 година до 18.02.2025 година.
Целта на наградната игра е рекламирање на производите Чупа Чупс.
Производи кои учествуваат во наградната игра се сите производи на Чупа Чупс (лижавчиња).

**Член 3**
**Територија каде што ќе се одвива наградната игра**

Наградната игра ќе се одвива на територијата на Република Северна Македонија во сите Рамстор маркети.

| | | |
|---|---|---|
| 100 | VARDAR | СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ БР. 13 |
| 101 | CITY MALL | УЛ. ЉУБЉАНСКА БР. 4 |
| 102 | TAFTALIDZE | УЛ. МОСКОВСКА БР. 17А |
| 104 | KARPOSH | УЛ. ПРАШКА БР. 11/2 |
| 105 | CEVAHIR | УЛ. 1615 20 |
| 110 | NOVO LISICE | БУЛ. ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО БР. 10-А |
| 140 | GORNO LISICE | УЛ. ФЕБРУАРСКИ ПОХОД 46 – АЕРОДРОМ |
| 150 | CAPITOL | БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР. 71 |
| 160 | KAPISTEC | УЛ. ВАСИЛ ЃОРГОВ БР. 20 А |
| 171 | DEBAR MAALO | УЛ. БЛАГОЈ ДАВКОВ БР. 2 |
| 180 | VODNO | УЛ. ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ БР. 88 |
| 190 | AERODROM | УЛ. МИЛАН ЗЕЧАР БР. 6 |
| 191 | STAR AERODROM | УЛ. ФРАЊО КЛУЗ БР. 6 |
| 200 | TETOVO | УЛ. СКОПСКИ ПАТ БР. 8 |
| 220 | TETOVO3 | УЛ. ВОН ВАНДАРСКА БР. 1 |
| 250 | GOSTIVAR | УЛ. БОРИС КИДРИЧ БР. 254 |
| 300 | TOPANSKO POLE | УЛ . ФЕРИТ МУРАТИ БР. 5 |
| 301 | SEVER | УЛ. ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА БР. 23 |
| 400 | STRUGA | УЛ. МАРШАЛ ТИТО БР. 116А |
| 410 | OHRID | УЛ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ БР. 1 |
| 411 | OHRID EXPRESS | УЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР. 98А |
| 412 | OHRID TURISTICKA | УЛ. БУЛЕВАР ТУРИСТИЧКА БР.42А |
| 420 | KICEVO | БУЛ.ОСЛОБОДУВАЊЕ БР. 1 |
| 500 | KUMANOVO | УЛ. ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА БР. 68 |
| 501 | KUMANOVO EXPRESS | УЛ. ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ БР. 97 |

| | | |
|---|---|---|
| 550 | STRUMICA | УЛ. БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО БР. 16 |
| 551 | STRUMICA BULEVAR | УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 42 |

**Член 4**

Наградната игра се организира за да се рекламираат производите на Чупа Чупс. Објектите кои учествуваат во наградната игра ќе бидат означени со специјални рекламни материјали на кои јасно ќе се комуницира начинот на учество во наградната игра.

**Член 5**
**Производи кои се дел од наградната игра**

Чупа Чупс производи кои учествуваат во наградната игра се сите производи од брендот Чупа Чупс.

**Член 6**

**Право на учество и механизам**

Во наградната игра, право на учество имаат сите лица над 18 години, кои се граѓани на Република Северна Македонија и ги исполнуваат условите на учество (во понатамошниот текст „Учесници"). Со купување на кои било производи на Чупа Чупс во наведените Рамстор Маркети кои се веќе наведени погоре во вредност од минимум 89 денари. Купувачот на каса добива грепка која секоја е добитна со различни награди.

Учесниците во наградната игра, ќе може да си ги подигнат грепките на каса одма по купувањето на производите над 89 денари.

**Член 7**
**Механизам на наградната игра**

Еден учесник може да учествува во наградната игра со неограничен број на фискални сметки со над 89 денари купени Чупа Чупс производи во Рамстор маркетот.

Правото за учество не е дозволено за вработените на Организаторот, вработените во Орбико, Пазел Конекшн и Рамстор Маркети како и нивните блиски членови од семејството (деца, сопружници и родители).

**Член 8**

**Метод за извлекување и објавување на добитниците**

Ќе бидат изготвени 4000 грепки и сите ќе бидат добитни.

Еден учесник треба да набави Чупа Чупс производи во вредност од 89 денари и за истите со фискалната сметка да подигне грепка од каса во Рамстор маркетите.

Организаторот ќе биде задолжен за регуларноста на наградната игра, регуларноста на грепките на добитниците и ќе даде официјален извештај согласно Законот.

Откако учесникот ќе ја приложува на главна каса во еден од било Рамстор маркетите по што ќе подигне некоја од следните награди:

| Датум на гребење: | Период за кој учесниците гребат за наградата: | Награда | Вкупен број на наград и |
|---|---|---|---|
| 18.12.2024 – 18.02.2025 | Секој работен ден согласно работното време на маркетите на Рамстор | 1 (еден) - 50919 Samsung SM-T220 Galaxy Tab A7 Lite, SILVER Color, 32GB WiFi Tablet, 8.7" Main Display Size, TFT capacitive touchscreen, 16M colors, FHD | 1 награда |
| 18.12.2024 – 18.02.2025 | Секој работен ден согласно работното време на маркетите на Рамстор | 1 (еден) - ELEKTRICEN TROTINET SEGWAY NINEBOT E2 PLUS | 1 награда |
| 18.12.2024 – 18.02.2025 | Секој работен ден согласно работното време на маркетите на Рамстор | 1 (еден) - VELOSIPED VENERA 27.5" EXPLORER ELITE ORANZ бр. CRN 20" | 1 награда |
| 18.12.2024 – 18.02.2025 | Секој работен ден согласно работното време на маркетите на Рамстор | 200 шпил карти, 100 перничиња за патувања, 50 чадори, 50 сетови х 4 подметачи, 200 несесери | 600 награди |
| 18.12.2024 – 18.02.2025 | Секој работен ден согласно работното време на маркетите на Рамстор | Чупа Чупс лижавчиња | 3.397 лижавчињ а - награди |

Добитниците на сите награди ќе може да гребат во текот на целата наградна игра почнувајќи од 18.12.2024 до завршувањето на наградната игра, поточно 18.02.2025.

Сите споредни награди на учесниците ќе им бидат доделени директно во маркетите, со што маркетите ќе бидат задолжени да ја задржат грепката на која што на задната страна ќе биде запишан бројот на фискалната сметка со која се купени производите и по завржување на наградната игра да ги достават до Организаторот.

Главните награди ќе бидат доделени во просториите на Организаторот лоциран на улица „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 39-1/4 Центар - Пазел Конекшн, Скопје, по договор со добитникот по завршувањето на наградната игра бидејќи истите ќе бидат поставени во маркети за маркетинг цели – тротинетот (Рамстор City Mall) и велосипедот (изложен во Рамстор Вардар), додека таблетот ќе може да се подигне во просториите на Организаторот (Пазел Конекшн) откако ќе биде извлечен.

**Член 9**
**Подигнувањето на награда**

Истиот ден по гребењето на наградата, добитниците ќе треба на каса да информираат дека се добитници.

Добитникот ќе треба да достави документ за идентификација, како и фискалната сметка и грепката која била добитна во наградната игра, каде е наведено купувањето на Чупа Чупс во вредност од 89 денари и повеќе. Подигнувањето на наградата ќе може да го реализира и друга личност, но само со законско овластување од страна на добитникот, заверено на нотар.

При предавањето на наградата, добитникот на наградата е должен да потпише потврда за преземање на наградата и да ја прикаже оригиналната фискална сметка и исто така да ја остави добитната грепка на главна каса со запишан бројот на фискалната сметка на задната страна на грепката.

Ако се надмине предвидениот рок за доделување на наградите од 30 дена од датумот на објавување на добитниците, подигнување на наградата нема да биде возможно. Според правилата за подигнување на награда, доколку некои од добитниците не ги почитуваат или го надминат наведениот рок, го губат правото на истата.

## Член 10
## Награди и фонд за награди

Целосната сума за награди изнесува и со вклучено ДДВ. Точниот број на награди е: 4000. Организаторот не смее да додели повеќе награди од предвиденото или награди од различен тип. Фондот на награди се состои од следниве награди:

| Име и тип на награда | Количина | Единечна цена на награди со ДДВ | | Целосна цена на награди со вклучено ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| **Главни награди:** | | | | |
| 1 - 50919 Samsung SM-T220 Galaxy Tab A7 Lite, SILVER Color, 32GB WiFi Tablet, 8.7" Main Display Size, TFT capacitive touchscreen, 16M colors, FHD | 1 | | | |
| 1 - ELEKTRICEN TROTINET SEGWAY NINEBOT E2 PLUS | 1 | | | |
| 1 - VELOSIPED VENERA 27.5" EXPLORER ELITE ORANZ бр. CRN 20" | 1 | | | |
| **Споредни награди** | | | | |
| 1. 200 шпил карти (40 парчиња, 40 парчиња, 20 парчиња, 100 парчиња) | 750 | | | |
| 2. 100 перничиња | | | | |
| 3. 50 чадори | | | | |
| 4. 200 подметачи (50 сетови x 4 парчиња) | | | | |
| 5. 200 несесери (100 парчиња, 100 парчиња) | | | | |
| Чупа Чупс производи | 3.397 | | | |
| | | | | |
| **Целосен износ** | | | | |

- Во споредни награди - бр. 4 (200 подметачи) ќе се доделуваат 50 сетови по 4 подметачи; во вкупната количина се пресметани колку вкупно производи се набавуваат (750), бројката се однесува на вкупно производи што се набавуваат, а бројката на подароци ќе биде 600 (се намалува за 150) во тој дел поради тоа што 200 подметачи ќе бидат поделени по 4 во 50 сетови т.е. од нив има 50 подароци.

Целосниот фонд на награди е со вклучено ДДВ.

**Член 11**

**Информирање за наградната игра на учесниците**

Учесниците ќе бидат информирани за правилата на наградната игра, фондот за награди и условите за учество преку надворешни информативни канали, интернет страницата puzzleconnection.eu/chupachups, како и пропаганден материјал на продажните места.

Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде одобрување за почеток на наградната игра, официјалните правила на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата puzzleconnection.eu/chupachups, пред почетокот на истата.

По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, правилата за наградата игра стапуваат на сила.

Во текот на целото времетраење на наградната игра, сите учесници ќе можат да се обратат на контакт центарот на организаторот 070/303-104, каде ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 09:00 – 17:00 часот.

**Член 12**

Организаторот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата. По предавањето на наградата, Организаторот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата. Организаторот нема одговорност за достава на наградата и нема да покрие било какви дополнителни трошоци, како што е транспорт или друг тип на трошоци, трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Организаторот и добитникот.

Организаторот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне или користи наградата.

Резултатите за прогласување на добитниците се конечни.

**Член 13**

**Согласност за користење на лични податоци**

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот, за користење при реализација на наградата игра. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија број 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016).

**Член 14**

**Даноци**

Даночната обврска на наградната игра ја презема Организаторот. Организаторот гарантира дека доделувањето на наградата ќе биде согласно со правилата.

**Член 15**

**Поднесување приговор**

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците, преку пошта ул. Арх. Сотир Томовски 7а, 1000

Скопје. Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

**Член 16**

**Деловна тајна**

Вработените на Организаторот, се оберзани да ја чуваат следната информација како деловна тајна: податоците на учесникот (нивниот број, нивниот идентитет и други лични податоци), механизмот за организација на наградната игра и финансискиот дел за работата на Организаторите. Горепоменатите информации можат да бидат дадени на трето лице од страна на Организаторот, само на начин предвиден во законот.

**Член 17**

**Прекинување на наградната игра**

Наградната игра може да се прекине согласно член 9 од Законот за игри на среќа.
При ненадејни виши сили вклучувајќи го случајот кога Организаторот не е во можност да ја организира наградната игра. За прекин на наградната игра прво треба да се добие согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија.

**Член 18**

**Законски мерки**

Доколку постојат било какви недоразбирања помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, истите ќе бидат решени согласно договорот.

Ако двете страни не постигнат договор, конфликтот помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, ќе биде решен од страна на судот во Скопје.